РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Бр. 888
Скопје, 29 декември 2005 година

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, на својата VII редовна седница одржана на 20. XII 2005 година, донесе решение бр. 02-4398/7 со кое формира Рецензентска комисија во состав: д-р Ѓорѓи Ѓорѓевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и д-р Вецција Усалески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изготви извештај за избор на наставник по предметот економика на земјоделството, во согласност со распишаниот конкурс во весникот "Дневник" од 24. XI 2005 година.

Со оглед на фактот дека на конкурсот се пријави само еден кандидат, и тоа д-р Јован Аждерски, вонреден професор по предметот економика на земјоделството, Комисијата, врз база на доставената документација, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Д-р Јован Аждерски е роден на 2. II 1962 година во с.Будинарци, општина Берово, во повеќечлено земјоделско семејство.

Основно училиште завршил во родното место, а гимназија - општа насока во Берово. Во 1981 година заминал на отслужување на воената обврска, а во учебната 1982/83 година се запишал на тогаш Земјоделскиот, сега Факултет за земјоделски науки и храна - сточарска насока. Студиите ги завршил редовно. Дипломирал на 20. XI 1986 година, со среден успех 8,14.

Од 1. II 1988 година се вработил во тогашниот Институт (сега Катедра) за економика и организација на земјоделството при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, како помлад асистент по предметот економика на земјоделството.

Постдипломски студии - агроекономска насока, завршил на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со среден успех 8,14, во 1992 година, кога и го одбранил магистерскиот труд под наслов: "Маркетинг-концепцијата како долгорочна основа за програмирање на развојот на сточарското производство во Малешевијата".

Во звањето асистент по предметот економика на земјоделството, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје е избран во 1994 година.

Докторската дисертација под наслов: "Агроекономски ефекти при користењето на тревниците за зголемување на овчарското производство во

Малеш и Пијанец", ја одбранил на 18. **X** 1996 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во звањето доцент по предметот економика на земјоделството, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, е избран во 1997 година, а во звањето вонреден професор во 2001 година.

Со воведувањето на новите насоки, од учебната 2001/02 година па до денес, држи настава по предметите: економика на земјоделството во **III** семестар на насоките: агроекономска, сточарска и преработка на земјоделски производи; рурален развој во **V** семестар на агроекономската насока; и задругарство во **VI** семестар, исто така на агроекономската насока.

Активно учествувал во изработката на повеќе научни и стручни трудови, како и во неколку студии, проекти и инвестициони програми.

Има остварено неколку студиски престои во странство, и тоа: во 1998 година, 8-неделен студиски претстој во Обихиро (Јапонија), во 2001 година, 12-неделен студиски претстој во Штутгарт (Германија), во 2003 година, еднонеделен студиски претстој во Тирана (Албанија), во 2005 година, еднонеделен студиски претстој во Упсала (Шведска).

## СПИСОК НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

До изборот за вонреден професор има објавено 31 научни и стручни трудови, печатени во домашни и во странски научни списанија или презентирани на научни собири во земјава и во странство.

### I.Научни и стручни трудови изработени и објавени по изборот во звањето вонреден професор

32.**Аждерски Ј.** 1999: Влијание на економските услови врз развојот на земјоделството во еден регион. Трудови од Третиот научен собир на агроекономистите на Р. М., Битола, 16 и 17 април 1999 година, стр. 135-145, Скопје.

Во трудот се прикажани методолошкиот приод, компаративно производно-економските обележја и факторите за развој на регионот, обележје на моделот за испитување на развојот. Основните карактеристики на прикажаниот модел се огледаат во можностите за изработка на низа варијантни решенија. Со таквиот начин можат да се оценат производната, економската и општествената корист преку различните стратегии на развој, како и начините на нивното создавање. Резултатите на истражувањето, спроведени преку изработка на низа варијантни решенија, покажале дека избраниот регион, заради неповолните услови, не може да се развива без примена на посебни стимулативни мерки во инвестиционата политика, без подобрување на економските резултати од производството и без мерките на аграрната политика.

33.**Аждерски Ј.**, Ѓорѓевски Ѓ. 1999: Образовната структура на вработените во земјоделството на Република Македонија. Зборник на трудови од средбата "Факултет - стопанство '99" година **VII**, стр. 243-257, Скопје.

Авторите го истражуваат прашањето на образовната структура на вработените во земјоделството, односно оптимализацијата на оваа категорија за остварување на поголемо и поевтино производство во земјоделството. Дадена е структура на вработените во земјоделството, од кои најмногу се вработени во полоделството. Укажано е и на примената на современата технологија за смалување на потребите од жив труд, посебно од сезонска работна рака. Резултатите се огледаат во остварениот пораст на производството и во продуктивноста на трудот.

34.**Аждерски Ј.** 1999: Примена на маркетинг концепцијата во земјоделските претпријатија. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, година **XLII**, стр. 159-167, Скопје.

Авторот укажува на тоа дека маркетингот, кој денес е реалност во многу земји со стоковно производство и пазар, веќе бележи први и значајни резултати и во нашата индустрија. Меѓутоа, тој во земјоделството проникнува многу побавно, пред се поради значителната затвореност на земјоделството во рамките на својата гранка при барањето нови патишта за развој, наместо тие патишта да се бараат и во други дејности, како, на пример, во прехранбената индустрија, трговијата, угостителството, здравството и туризмот.

35.Зорица Средојевиќ, **Аждерски Ј.** 1999: Оптимализација на работните процеси при подигнување на овоштарник со примена на техниката на мрежно планирање. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, година **XLIII**, стр. 145-158, Скопје.

Во овој труд авторите изнесуваат дека мрежното планирање претставува еден од поновите начини на оперативно планирање, кој се повеќе одговара на барањата на модерната технологија на производството во земјоделството. Се одликува со флексибилност, бидејќи овозможува успешно составување и користење на мрежниот оперативен план во кратки и во долги временски интервали, со подобро користење на расположливите капацитети и со минимални трошоци.

36.Зорица Средојевиќ, Шеварлиќ М., **Аждерски Ј.** 1999: Процена на повеќегодишни насади според нивната одгледувачка вредност. Зборник на трудови од средбата "Факултет - стопанство '99", година **VII**, стр. 283-297, Скопје.

Со цел да се проценат средствата, авторите развиле и анализирале инвестициски модел врз база на јаболков насад во три производни стадиуми, а притоа користеле реални податоци добиени од практиката. Тие направиле анализа, која ја базирале на можноста за процена на насадот спрема неговата одгледувачка вредност. Проценувањето на насадот според набавната или одгледувачката вредност се состои во утврдување на сите издавања за нивно подигање, кога на нив би се плаќала сложена камата.

37.Gorgevski G., **Azderski J.**, Ancev T. 1999: Financial support of the agriculture in the Republic of Macedonia. 63-rd EAAE Seminar - Financing the Agribisiness Sector, Subotica - Yugoslavia.

Авторите укажуваат дека инвестициите претставуваат еден од основните фактори на стопанскиот развој воопшто. Едно од централните прашања на инвестиционата политика секогаш е обезбедувањето инвестициони средства. Земјоделството, како гранка која секогаш имала одредено значење во склоп на стопанството, отсекогаш била и до денес останала меѓу оние стопански гранки кои имаат исклучително ниско ниво на самофинансирање кај инвестиционите потфати.

38.**Аждерски Ј.** 1999: Теорија и апликација за ефективна заштита на производите во земјоделството и во прехранбената индустрија во Република Македонија. Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, година XXI, бр. 1, стр. 229-243, Скопје.

Во трудот посебно внимание е посветено на теоријата и концептот за ефективна заштита на земјоделските и во производите од прехранбената индустрија во Македонија. Авторот укажува дека стапката на номинална заштита и стапката на ефективна заштита, во иднина, би требало што повеќе да се земаат предвид, како еден од важните елементи за формирање и насочување на цените кај интермедијарните инпути и кај финалните земјоделско-прехранбени производи.

39.**Azderski J.**, Ivanovski P., Prentovic Tatjana, 2000: Effect of calcification at rankers on economical hay production in some meny - years feed plants. Македонска земјоделска ревија, година 47, бр. 1-2, стр. 45-48, Скопје.

Авторите си поставиле за цел, преку примена на калцизацијата како метод, да ја променат реакцијата на почвата до неутрална. Притоа, дошле до сознание за тоа кој од повеќегодишните видови од фамилиите Poaceae и Fabaceae ќе даде задоволителни резултати. Исто така, една од целите им била: дали агромерката на калцизација е економски оправдана. Дошле до заклучок дека ваквата агромерка е економски неоправдана, бидејќи трошоците се многукратно поголеми од остварениот приход од калцизацијата.

40.**Аждерски Ј.**, Пејковски З., 2000: Движење на куповно способната побарувачка на земјоделско-прехранбени производи во периодот 1994-1998 година. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, година 45, стр. 125-134, Скопје.

Авторите го анализираат движењето на куповно способната побарувачка на земјоделско-прехранбените производи. Тоа е значајно поради тоа што околу 85% од земјоделските производи се наменети за исхрана. Изнајдено е дека куповната способност на населението порасната, но не во таков степен кој ќе може да ја измени потрошувачката на разгледуваните производи. Се уште е многу поголема потрошувачката на продукти од растително во споредба со потрошувачката на продукти од животинско потекло.

41.**Ažderski J.** 2000: Razvoj poljoprivrede i njen značaj za politiku zapošljavanja u Republici Makedoniji. Znanstveno - stručni skup s međunarodnim

sudjelovanjem "Izazovi Hrvatskoj poljoprivredi na početku XXI. Stoljeća". 8 - 11. studenog 2000. godine, Poreč - Hrvatska.

Авторот го следи развојот на земјоделството во Македонија по распаѓањето на поранешна СФРЈ, и укажува дека, во периодот по 1991 година, тоа (земјоделството) имало големо значење, а по некои показатели, и пресудна улога во развојот на индустријата и другите дејности, како преку прелевање на акумулацијата така и преку обезбедување работна сила. Меѓутоа, на земјоделството малку од тоа му е вратено, така што тоа денес не е во состојба да ги задоволи ни домашните потреби, а реално е да се очекува од земјоделството да остане и за извоз.

42.Јакимовски Ј., **Аждерски Ј.**, Илиќ Б., 2001: Нов пристап кон руралната политика во Република Македонија. Зборник на трудови од Советувањето за среднорочниот развој на земјоделството и определбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Р. Македонија и Европската унија, стр. 119-137, Скопје.

Авторите укажуваат на тоа дека македонското село опфаќа 86,7% од националниот простор, на кој живее 40,2% од вкупното население. Земјоделството претставува основна стопанска дејност на селската популација. Во целина, селото во Македонија, демографски, економски и социјално, систематски е запоставено. Мал е бројот на селските заедници за кои може да се каже дека имаат примерен развој. Авторите предлагаат нов пристап за решавање на селските проблеми, а тоа е интегралниот рурален развој, кој бара урбанизација на селските заедници. Тоа подразбира премин од концептот на развој на урбаните центри кон концептот на развој на просторот, со цел смалување на регионалните и локалните разлики во поглед на инфраструктурата и економскиот развој.

43.**Аждерски Ј**. 2001: Цена на чинење на овчото сирење. Зборник на трудови од средбата "Факултет - стопанство '01", година 9, стр. 177-187, Скопје.

Авторот, како главно средство за испитување на цената на чинење, економичноста и рентабилноста на сточарското производство, прави анализа и прогноза на одредени елементи од трошоците и прогноза за пазарната цена на производите. Со калкулација извршил анализа на производството на овчо сирење, и донел заклучоци за организираноста на тоа производство.

44.Средојевиќ Зорица, **Аждерски Ј**. 2002: Примена на современи методи при процена на вредностите на овошните насади. Зборник на трудови на Економскиот институт, година 4, бр. 1, стр. 81-95, Скопје.

Авторите во трудот ги прикажуваат методите кои служат за процена на современите високоинтензивни насади при различни цели во практиката. Притоа, вршат анализа на двата најважни метода: одгледувачката и приносната вредност на насадот. Примената на овие методи е прикажана на моделот на насади на јаболка на површина од 20 ха за одгледувачкиот систем Пилар.

45.**Аждерски Ј.**, Ѓорѓевски Ѓ. 2002: Значење на земјоделството од аспект на структурните промени во надворешната трговија на Република Македонија. Прв научен собир на балканските агроекономисти. Зборник на трудови, стр. 241-247, Скопје.

Авторите укажуваат дека од посебно значење, од аспект на структурните промени во надворешната трговија на Македонија, е во идниот период да се форсира производство со висок квалитет на селекционирани производи, како и тоа дека со овие производи систематски да се пробива на светскиот пазар. Македонија да се ослободи од увоз на некои земјоделски производи, како и да јакне извозната ориентација на оние земјоделски производи кои имаат компаративни предности.

46.**Аждерски Ј.**, Сековска Благица, Средијевиќ Зорица, 2002: Извоз на земјоделско-прехранбени производи како фактор за развој на земјоделството. Прв научен собир на балканските агроекономисти. Зборник на трудови, стр. 84-89, Скопје.

Авторите го следат извозот на земјоделско-прехранбените производи од Македонија во транзициониот период 1991-2002 година, каде што утврдиле дека, во сиот тој период, цените на земјоделските производи биле депресивни, така што земјоделството било извор не дополнителна акумулација на развојот на другите стопански гранки. Во овој период е извршена примарна прераспределба во корист на стопанството, така што цените на земјоделските производи просечно се зголемени за 33%. И покрај се поголемото значење на самоорганизирањето на производителите и трговијата, заради единствен настап на надворешниот пазар, улогата на државната регулатива останува многу значајна.

47.Сековска Благица, **Аждерски Ј.** 2002: Здружување на индивидуалните земјоделци како фактор за развој на земјоделството - некои стратегии. Прв научен собир на балканските агроекономисти. Зборник на трудови, стр. 90-98, Скопје.

Авторите даваат согледување дека растот на здружението сам по себе не е адекватна стратегија за самото здружение. Ако здруженијата постојат за да им помагаат на индивидуалните земјоделци да опстанат, тие мора да изберат стратегија за нивното здружение која треба да биде многу јасна и конкретна. Здруженијата кои имаат потреба да се интегрираат заради процесирање и маркетинг на своите производи, како и за уредување на начинот на управување со ресурсите, треба да размислуваат во насока на создавање на отворен пазар кој ќе им овозможи на фармерите изедначени цени за нивните производи.

48.Средојевиќ Зорица, Живковиќ Д., Јелиќ С., **Аждерски Ј.** 2002: Различни начини на вршење на земјоделското производство во функција на рурален развој. Прв научен собир на балканските агроекономисти. Зборник на трудови, стр. 50-57, Скопје.

Авторите укажуваат на тоа дека животната средина на неразвиените и на земјите во развој е помалку загадена отколку онаа во високоразвиените индустриски земји. Овој факт се потврдува со високата биолошка разновидност. Треба да се развие производство на здрава храна со активирање на големи еколошки и економски потенцијали. Добро е познат фактот дека екохраната е за 20-80% поскапа од производите на конвенционалното земјоделство.

49.Средојевиќ Зорица, Мунчан П., Живковиќ Д., Тошировиќ Г., **Аждерски Ј.** 2002: Можности за развој на земјоделско производство

базирано на еколошки принципи. Прв научен собир на балканските агроекономисти. Зборник на трудови, стр. 41-49, Скопје.

Авторите укажуваат на постоењето на голем број обиди за производство на храна врз еколошки принципи. Даваат проценка дека повеќе од 0,5% од обработливото земјиште е ангажирано во некој вид органско земјоделство. Органското земјоделство се одвива во разни подрачја, врз различни принципи и многу е неорганизирано. За секој производ што носи ознака за еколошко потекло мора да постојат прописи и целосен систем на контрола од производството до финалниот производ. Со контролирање на само една фаза низ процесот на производството, примарното производство или преработката, не може да се гарантира еколошкото потекло.

50.**Ažderski J.**, 2002: Uloga žene u privredi i poljoprivredi Republike Makedonije. Osmi međunarodni naučni sobir "Vlasinski susreti '02", godina **VIII**, održan od 28-30 avgusta 2002 godina u Vlasini - Srbija i Crna Gora.

Авторот укажува дека, во процесите на интеграција на индивидуалните земјоделски производители како општествено потребни производители, односно во процесите на нивната трансформација во современи земјоделски работници, секако би било целисходно и неопходно да се води сметка за тоа како жените се вклучуваат во сите тие процеси: во кој степен тие се афирмираат не само како работници, туку и да одлучуваат во сите сфери на општеството. Бидејќи, колку жените повеќе се ангажираат и активираат во одлучувањето и решавањето на своите проблеми и на проблемите на гранката во која работат, толку тие побрзо ќе се решаваат, и покрај сложената економска и политичка ситуација и релативно скудните средства.

51.**Аждерски Ј.**, Средојевиќ Зорица, Николиќ Марија, 2002: Зеленчукот и овошјето како важен фактор за задоволување на потребите во исхраната. Зборник на трудови - Економски институт - Скопје, посветен на 50-годишниот јубилеј. Година 4, том **II**, стр. 203-214, Скопје.

Бидејќи потрошувачката е условена од промените во висината на расположливите парични средства наменети за исхрана, социо-економската структура на домаќинствата и навиките на населението во исхраната, во трудот се анализирани влијанијата на тие фактори врз промената во квалитетот на исхраната. Констатираните промени во потрошувачката на овошје, зеленчук и преработки, упатуваат на заклучок за позитивно дејствување на измените во социо-економската структура на домаќинствата и на порастот на куповната моќ на населението и врз квалитетот на исхраната.

52.**Аждерски Ј.**, Николиќ Марија, Нејковски З. 2002: Некои прашања за исхраната на населението во Македонија. Зборник на трудови - Економски институт - Скопје, посветен на 50 годишниот јубилеј. Година 4, том **II**, стр. 215-228, Скопје.

Во овој труд се утврдени актуелните аспекти во исхраната на населението во Македонија од различни тенденции, а посебно авторите се обиделе да одговорат на прашањето дали сегашните движења овозможуваат да се постигнат целите кои се поставени со среднорочните и со долгорочните стратегии за потрошувачка на храна и за исхраната на населението во Македонија. Во истражувањето е утврдено дека учеството

на трошоците на исхраната во вкупната лична потрошувачка е сведено под 60%, така што се наоѓаме во средината помеѓу развиените (со учество од околу 20%) и неразвиените земји (со учество од преку 60%).

53.**Ažderski J.**, 2002: Tržišna proizvodnja mleka i goveda na seljačkim gazdinstvima u Republici Makedoniji. Naučni skup "Proizvodnja hrane - činilac regionalne integracije na Balkanu". 9 i 10 decembar 2002 godine, Zemun.

Авторот го следи значењето на говедарството, каде што податоците за 2001 година покажуваат дека откупот на млеко и говеда претставувал дури 47% од вкупната пазарна вредност при откупот кај индивидуалните земјоделски стопанства. Поради расцепканоста и ситнетоста на имотот, и одгледувањето на говеда, како и производството на млеко, кај овие стопанства е мало и недоволно за пазар.

**II. Учество во научноистражувачка и апликативна работа**

1.Димитриевски Д., ... **Аждерски Ј.**, 2003: Градење капацитети за формулирање на македонската политика и економска анализа поврзана со земјоделскиот сектор, особено трговијата, производството и преработката, I фаза, Охрид, 11-14 јуни 2003 година. Заеднички шведско-македонски научноистражувачки проект, финансиран од СИДА (Шведска меѓународна агенција за развој).

2.**Аждерски Ј.**, и сораб. 2001-2004: Менаџмент на пасиштата и нивното користење во Малеш. Научноистражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

3.Димитриевски Д., ... **Аждерски Ј.**, 2005: Македонското земјоделство во ЕУ (претпристапна секторска анализа). Заеднички шведско-Македонски научноистражувачки проект финансиран од СИДА (Шведска меѓународна агенција за развој).

4.**Аждерски Ј.**, и сораб. 2004-2005: Зголемување на конкурентноста на македонскиот агрокомплекс од аспект на намалување на цената на чинење на земјоделско-прехранбените производи. Физибилити студија, финансирана од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на извршениот преглед на целосната документација, сврзана со автобиографските податоци, објавените трудови и познатата активност на пријавениот кандидат д-р Јован Аждерски, за избор на наставник по предметот економика на земјоделството, Рецензентската комисија констатира дека вонредниот професор д-р Јован Аждерски, со својата трудољубивост, одговорност, самоиницијативност во работата и со својата активност поврзана со личното усовршување, се оформил во оспособен наставно-научен работник, со стекнато педагошко и научно искуство од областа на агроекономските науки. Оценувајќи ја стручноста,

научната и педагошката оспособеност на кандидатот, преку бројот и квалитетот на објавените трудови, наставната активност сврзана со студентите преку предавањата, теренската настава и вежбите, а согласно со постојните законски прописи и со нормативните акти на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Комисијата има чест и посебно задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Јован Аждерски, досегашен вонреден професор по предметот економика на земјоделството, да го избере во звањето **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** по истиот предмет.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓевски, с.р.
2. Проф. д-р Миле Пешевски, с.р.
3. Проф. д-р Веција Усалески, с.р.